Институт за човекови права

# Месечен извештај од мониторинг на седниците на Судскиот совет на РМ

Институтот за човекови права во рамките на своите редовни активности ја следи работата на Судскиот совет на Република Македонија, односно мониторинг на нивните седници.

Во текот на јули Судскиот совет на Република Македонија одржа две јавни седница и две нејавни итни седници.

*Судскиот совет на Република Македонија на седница одржана на ден 1.07.2016 година:*

- Ги усвои Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места во Судскиот совет на Република Македонија поради усогласување со законски измени.
- Иако беше ставен на дневен ред, Годишниот извештај за работа на ССРМ за 2015 година не се усвои поради забелешки кои беа дадени од страна на членовите-припадници од албанската заедница, па усвојувањето се одложи за идната седница.

Се донесе Одлука за времено упатување за вршење на судиска функција на:

- судија Шукри Сабриу од Основен суд Скопје 1 Скопје во Основен суд Гостивар, најдолго за период од 1 година од денот на упатувањето.

*На седницата одржана на 13.07.2016 година Судскиот совет на РМ*

- Го усвои Годишниот извештај за работа на Судскиот совет на Република Македонија за 2015 година.

На оваа седница се изврши **избор на претседатели на судови** и тоа за:

• Претседател на Основен суд Кратово избрана е судија РУЖИЦА ЗДРАВКОВСКА
• Претседател на Основен суд Виница избрана е судија ВАСКА ПЕТРОВА
• Претседател на Апелационен суд Гостивар избран е судија ШЕФАЈЕТ ХАЈДАРИ

Претседателката на ВСРМ побара **итно да се изврши избор на судии** во **Врховниот суд на РМ** по огласот кој беше претходно објавен. Истото го побара и членот на ССРМ – Мирјанка Гоцевска Стефановска за **Апелациониот суд Штип**, посебно што согласно систематизацијата во овој суд недостасуваат 6 судии.

Во текот на јули **пензионирани се шест судии** и тоа Љубе Стојановски, судија на Апелационен суд Битола, Никола Марковски, судија на Основен суд Гевгелија, Благој Цикарски, судија на Основен суд Виница, Зденка Сибиноска, судија на Основен суд Скопје 2 Скопје, Снежанка Ѓорѓиева, судија на Основен суд Струмица и Јован Лазарески, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје.

Утврден е **престанок на судиската функција** на Стојанчо Атанасов, судија на Апелационен суд Штип, поради смрт;

Во текот на овој временски период Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија свика две итни и нејавни седница на 19.07.2016 година и 22.07.2016 година на кои било расправано по **Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција на судија**, по Одлука на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија.и **донесено е решение со кое се отфрла** Барањето за утврдување одговорност на судија поради несовесно и нестручно вршење на судиската функција поднесено од Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија.